Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1380/2022

Дата: 27 -07- 2022

Врз основа на член 122 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а по барање на Општина Демир Капија (бр. УП1-15-1380/2022 од 19.07.2022 год.), министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## За укинување на Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 773/2022 од 9.05.2022 година

1. **Се укинува** Решението за Услови за планирање на просторот за изградба на објект за производство на енергија од обновливи извори - електрани на биогориво (како биогориво ќе се користи силажа од зрнести култури и шталско ѓубре) на 4 градежни парцели, со моќност до 1 MW и површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), со моќност до 5,8 MW на КП 934, КП 935/2 и КП 935/3 и дел од 935/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија (Решение бр. УП1-15 773/2022 од 9.05.2022 година) и Условите за планирање на просторот (Елаборат со тех. бр. Y22321i), кои се составен дел на Решението за Услови за планирање на просторот, а по барање на имателот - Општина Демир Капија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Демир Капија достави барање до Министерството за животна средина и просторно планирање (бр. УП1-15-1380/2022 од 19.07.2022 год.), за укинување на Решението за Услови за планирање на просторот за изградба на објект за производство на енергија од обновливи извори - електрани на биогориво (како биогориво ќе се користи силажа од зрнести култури и шталско ѓубре) на 4 градежни парцели, со моќност до 1 MW и површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), со моќност до 5,8 MW на КП 934, КП 935/2 и КП 935/3 и дел од


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

935/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија (Решение бр. УП1-15 773/2022 од 9.05.2022 година).

Горецитираното Решение е издадено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), и член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004), а врз основа на барање од Општина Демир Капија (бр. УП1-15 773/2022 од 26.04.2022 год.). Составен дел на Решението се и Условите за планирање на просторот (Елаборат со тех. бр. Y22321i), изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот, согласно член 42, став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20).

Имателот на Решението за услови за планирање на просторот - Општина Демир Капија, се обрати до Министерството за животна средина и просторно планирање за поништување на Решението поради потреба од зголемување на планираната моќност на електраните на 10 MW.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапи согласно барањето на странката - Општина Демир Капија, а во согласност со член 122, став 2 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15).

Врз основа на горенаведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска